Републикa Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-14/2021

Дата. 25-05-2021

**До:Информативен центар**

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во врска со претставката доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање заведена под архивски број УПП-14/2021 на ден 27.04.2021 година од страна на анонимни граѓани од населба Подмолје, Општина Охрид, Ве замолуваме да го објавите конечниот исходот од постапување по претставката од страна на Секторот за правни и општи работи на Министерството за животна средина и просторно планирање на веб страната на МЖСПП со цел јавноста да има увид во истото.

Со почит

**Изработил:** Виш соработник за постапување по претставки и предлози:Анета Михајловска

**Контролирал:**Раководител на Сектор за правни и општи работи: Билјана Тешева Георгиевска



Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-14/2021

Дата. 2 5 -05- 2021

**Предмет:** Одговор на претставка со арх.бр.УПП-14/2021 на анонимни граѓани од населба Подмолје, Општина Охрид

Претставка заведена под архивски број УПП-14/2021 доставена од група на анонимни граѓани од населба Подмолје, Општина Охрид во врска со пријава за извршена узурпација на државен имот К.П.бр.1093/1К.О со оградување со бетонски столбови и сеча на стотина стебла од смрека, дабови стебла како и борови кои биле засадени пред дваесетина години со акциите за пошумување.

Министерството за животна средина и просторно планирање, Секторот за правни и општи работи врз основа на извршеното проследување на предметната претставка на надлежност и понатамошно постапување на Општина Охрид – Инспекторат за животна средина, Ве известува дека општинскиот Инспекторат за животна средина на ден 20.05.2021 се произнесе со следниот исход од неговото постапување:

- При извршениот надзор од страна на овластениот инспектор за животна средина на Општина Охрид, Сузана Баткоска е извршен вонреден надзор во село Подмолје, Општина Охрид на КП број 1093/1 КО Подмолје и констатирано е дека до КП 1093/1 се стигнува по шумски постоечки прооден пат КП со површина од 4760 м2
- Во заградената парцела извршено е сечење на смреки кои се поставени покрај оградата од надворешната страна, десно гледано од с.Подмолје. Во парцелата има неколку борови дрвца садени пред некоја година, како и дабови дрва.не е констатирано дека нема сечење на дрва при влезот до оградената парцела и извршено е проширување на патот во должина од околу дваесетина метри, исечени се неколку смреки кои се оставени покрај патаот.
- Активностите се вршени од страна на лицето Сашо Трпески со адреса на живеење на ул.„Македонски просветители" бр. 29/1-2 Охрид кое го има добиено земјиштето во државна сопственост на користење за поставување на пчелини семејства
- Погореименуваното лице како доказен материјал ја има приложено следната документација: Барање за користење на пасишта во државна сопственост за поставување на пчелини семејства до ЈП за пасишта – Подружница „Ниџе", Битола и Записник составен од ЈП за пасишта – Подружница „Ниџе Битола", со која му се одобрува поставување на пчелини семејства на незначената парцела.

**Изработил:** Анета Михајловска
**Контролирал:** Билјана Тешева Горгиевска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk